| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно прераскажување, раскажување и опишување (расказни реченици, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици, директен говор, индиректен говор) | Раскажува приказна за настани/случки (слушнати или од сопствено искуство), претставувајќи ги хронолошки и со правилна употреба на глаголските времиња. | 150 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат низ насочени прашања за празникот Први мај:<br>• Дали вашите родители ви раскажаа зошто се празнува празникот Први мај?<br>• На кој начин се одбележува во нашата земја?<br>• Каде бевте вие со вашето семејство?<br>• Што правевте таму?<br>Учениците се запознаваат накратко со значењето на празникот за работникот и неговата борба за остварување на своите права соодветно на нивната возраст.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат да раскажат сопствено доживување од одбележување на празникот Први мај (излет во природа, прошетка во градот или на друго место, во кругот на семејството или пријателите и сл)<br>1. На таблата се запишани прашања според кој учениците хронолошки треба да ги подредуваат настаните.<br>- Каде заминавте на излет/прошетка?<br>- Со кого бевте таму?<br>- Што правевте на тоа место?<br>- Како се чуствувавте ?<br>- Што ви беше најубаво?<br>Учениците усно раскажуваат, а наставникот при раскажувањето ги насочува на правилно формулирање на | тетратка | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Раскажува сопствено доживување со правилен хронолошки ред на настани<br>Изговара реченици со правилна употреба на глаголските времиња. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | реченици и користење на глаголските времиња.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците размислуваат и се искажуваат за народната поговорка- **Работата го краси човекот.**<br>Кои искази се однесуваат на човек кој ја сака и цени работата?<br>• вреден - мрзлив<br>• рано станува – спие до пладне<br>• се интересира – незаинтересиран<br>• слуша со внимание – не сака да слуша<br>• изморен – одморен ....<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови</td><td>Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна</td><td>151</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците се наредени во круг. Следат насоки за изведување на активноста.<br>Еден ученик прв ја започнува играта кажувајќи еден збор кој го асоцира на годишното време - пролет.<br>Пример: птици, трева, Развигорец, топла, зелена, игра, цвеќе.... Продолжува друг ученик, а доколку не може да се сети на некој збор дава знак на следниот ученик кажувајќи „продолжи ти“ .<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на песна „ Мајски цвет“ од поетот Видое Подгорец .<br>Одговараат на прашања поврзани со поетските слики:<br>• Од колку строфи(поетски слики) е составена песната?<br>• Колку стихови има секоја строфа?<br>Учениците добиваат текст од песната и ја читаат строфа по строфа. По дадени насоки ги опишуваат поетските слики .<br>На таблата се запишува краток план:<br>Песната има 3 поетски слики:<br>- Мирисот на мајскиот цвет.<br>- Цветот ѝ нуди мед на пчелката.<br>- Љубов меѓу пчелката и цветот.</td><td>тетратка<br><br>печатен текст на песна за секој ученик</td><td>Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Определува строфа , стих и рима во песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната<br><br>Учество во изве-дување заклучоци</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Повторно читање на песната по строфи и откривање на римуваните зборови (лее - пее, тој - мој, свет - цвет)<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Хорово читање на песната и давање на насоки како да ја меморираат песната и изразно да ја рецитираат на следниот час.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | | |
|---|---|---|
| МАЈСКИ ЦВЕТ<br><br>Крај поточе мирис лее<br>еден мајски цвет,<br>а пчеличка брмчи, пее:<br>- Дај ми малку мед!<br><br>Цветот личен ѕвони, ѕвони,<br>Радосен е тој.<br>- Збери, збери, мила пчелке<br>ти од сокот мој!<br><br>Таква љубов каде има,<br>кај на овој свет?<br>Меѓу мала вредна пчела<br>и мајскиот цвет.<br><br>Видое Подгорец | МАЈСКИ ЦВЕТ<br><br>Крај поточе мирис лее<br>еден мајски цвет,<br>а пчеличка брмчи, пее:<br>- Дај ми малку мед!<br><br>Цветот личен ѕвони, ѕвони,<br>Радосен е тој.<br>- Збери, збери, мила пчелке<br>ти од сокот мој!<br><br>Таква љубов каде има,<br>кај на овој свет?<br>Меѓу мала вредна пчела<br>и мајскиот цвет.<br><br>Видое Подгорец | МАЈСКИ ЦВЕТ<br><br>Крај поточе мирис лее<br>еден мајски цвет,<br>а пчеличка брмчи, пее:<br>- Дај ми малку мед!<br><br>Цветот личен ѕвони, ѕвони,<br>Радосен е тој.<br>- Збери, збери, мила пчелке<br>ти од сокот мој!<br><br>Таква љубов каде има,<br>кај на овој свет?<br>Меѓу мала вредна пчела<br>и мајскиот цвет.<br><br>Видое Подгорец |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови | Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна | 152 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Секој ученик добива работен лист со текст од песната, но строфите се претставени со измешан редослед. Учениците тивко ги читаат во себе и одредуваат правилен редослед на строфите со запишување на број 1 , 2 или 3 пред секој строфа.<br>Читање на песната по правилен редослед на строфите.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се подготвуваат за рецитирање на песната.<br>Ги следат насоките за начинот на рецитирање на песната:<br>- правилен став на телото при рецитирање;<br>- точно изнесување на стиховите без промена на редот на зборовите;<br>- јасно и изразно рецитирање;<br>Секој ученик ја рецитира песната.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Дискусија со учениците за начинот на интерпретација-секој се искажува дали бил задоволен од начинот на рецитирање. Што би подобрил при изведбата?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте? | печатен текст од песната за секој ученик<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Определува строфа , стих и рима во песна<br>Рецитира песна со правилна интона-ција и дикција<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

МАЈСКИ ЦВЕТ

Таква љубов каде има,
кај на овој свет?
Меѓу мала вредна пчела
и мајскиот цвет.

Крај поточе мирис лее
еден мајски цвет,
а пчеличка брмчи, пее:
- Дај ми малку мед!

Цветот личен ѕвони, ѕвони,
радосен е тој.
- Збери, збери, мила пчелке
ти од сокот мој!

Видое Подгорец

МАЈСКИ ЦВЕТ

Таква љубов каде има,
кај на овој свет?
Меѓу мала вредна пчела
и мајскиот цвет.

Крај поточе мирис лее
еден мајски цвет,
а пчеличка брмчи, пее:
- Дај ми малку мед!

Цветот личен ѕвони, ѕвони,
радосен е тој.
- Збери, збери, мила пчелке
ти од сокот мој!

Видое Подгорец

МАЈСКИ ЦВЕТ

Таква љубов каде има,
кај на овој свет?
Меѓу мала вредна пчела
и мајскиот цвет.

Крај поточе мирис лее
еден мајски цвет,
а пчеличка брмчи, пее:
- Дај ми малку мед!

Цветот личен ѕвони, ѕвони,
радосен е тој.
- Збери, збери, мила пчелке
ти од сокот мој!

Видое Подгорец

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Слушање со разбирање | Ги идентификува ликовите кои зборуваат во текстот што го слуша (дали се луѓе, животни или растенија)<br><br>Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува кој (и кога) зборува тивко, умерено или гласно<br><br>Резимира содржина на слушнат текст | 153 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците извлекуваат картичка со овошје или зеленчук и го обојуваат. На таблата се нацртани или се претставени постери со кошници за овошје и зелечнук.<br>Секој ученик го опишува плодот по боја, форма, големина и вкус и се искажува дали спаѓа во овошје или зеленчук. Потоа ја лепи сликичката со плодот во соодветната кошница.<br><br>Учениците дискутираат по што се слични, а по што различни плодовите.<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање на текст „Полноќен разговор“ стр. 136.<br>Одговараат на поставени прашања во врска со содржината на текстот:<br>• Што правела мајката?<br>• Што останало во кошницата?<br>• Кој започнал разговор додека сите спиеле во куќата?<br>• Зошто се чудела пиперката за изгледот на | Картички со овошни и зеленчукови плодови<br><br>Боички<br><br>Постери со кошници<br><br>Табла<br><br>Маркер/креди<br><br>Учебник | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Идентификува растенија како ликови кои зборуваат во текстот<br><br>Идентификува кога и со каква јачина на гласот зборува ликот<br><br>Извлекува заклучок од |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | доматот?<br>• Како заклучила дека се срами за својот изглед?<br>• Какво објаснување ѝ дал доматот?<br>• Што и било чудно на пиперката?<br>• Каде завршиле доматот и пиперката?<br>Учениците се искажуваат за ликовите во текстот-Кои се главни ликови во текстот- мајката која правела ручек, доматот или пиперката?<br>Насоки за читање на текстот по улоги:раскажувач, пиперка и домат. Учениците треба да внимаваат на интерпункциските знаци и да откријат која реченица можат да ја читаат гласно, која потивко, а каде да читаат со умерена јачина.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се искажуваат по прашање :<br>Дали некогаш сте се нашле во ситуација да се чуствувате засрамено? Како реагиравте во таа ситуација?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | дијалогот на ликовите |

resursi.literatura.mk



















| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Медиумска писменост и медиумска култура | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Толкување и користење медиумски содржини | Креира клучни зборови и изрази и бира соодветни илустрации и дигитални икони како основа за упатување медиумска порака | 154 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците низ прашања се искажуваат за содржината на текстот „ Полноќен разговор“<br>• За што разговараат пиперката и доматот?<br>Еден пар ученици го драматизира разговорот помеѓу ликовите.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците рагледуваат флаер од маркет на кој се претставени некои прехрамбени продукти. Се искажуваат каква информација добиваат од него- место од каде може да се купат вид на производи, време кога таа цена е намалена и сл .<br><br>• Што ви се допаѓа на флаерот?<br>• Каква порака ви испраќа?<br>• Дали ве привлекува за да одите и да ги купите производите?<br>Учениците се поделени во групи(бројот на членови во групата зависи од бројот на ученици во одделението).<br>Во секоја група има разни каталози и флаери од маркети Наставникот дава насоки да смислуваат клучни зборови или изрази за креирање рекламна порака за производ кој се добива со преработка на зеленчук или овошје храна, пијалок и сл. | Учебник<br><br>Флаери со прехрамбени производи<br><br>Блок број 3<br><br>Ножици<br><br>Лепило<br><br>Слики со овошје<br><br>боички | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Креира клучни зборови и изрази за да испрати медиумска порака<br><br>Избира соодветни илустрации за упатување медиумска порака<br><br>Активно учество во работа во група |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците треба да ја претставаат сликовито (цртеж, слика, исечени фотографии и сл.).<br>Учениците се договараат во група -прават избор на слики. Ги сечат и заедно смислуваат клучни зборови или изрази за реклама за производот -пример сок од цвекло и морков , слатко од различно овошје и сл.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците во група презентираат како ја изработиле рекламата , зошто ги одбрале тие клучни зборови, каква порака сакаат да испратат .<br>**Меѓупредметна интеграција** (активноста може да се изведе во интеграција со наставниот предмет ликовно образование - стандард за оценување : Слика и прави колаж со комбинирање на подлоги, средства и материјали<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Учествува во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk










resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, настан, лик, време, место) | Наведува некои карактеристики на драма (дијалог, ликови)<br><br>Одредува време и место на настаните на прочитан литературен текст<br><br>Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини. | 155 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците погодуваат гатанки поврзани со сообраќајот.<br>На четири тркала оди,<br>каде сакаш ќе те води,<br>нафта голта, бензин пие,<br>погодете што е вие.<br>**(автомобил)**<br><br>Не знае да зборува<br>ниту да се движи,<br>но да бидеш безбеден<br>секогаш се грижи<br>**(сообраќаен знак)**<br><br>Три очи имам,<br>воопшто не гледам,<br>ама сообраќајот<br>будно го следам.<br>**(семафор)**<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на драмски текст „ Семафор и дете“ од книгата„ Болното жапче“ од Ненад Џамбазов.<br>Одговараат на прашања за содржината на текстот:<br>• Кои ликови разговараат во текстот?(семафор и дете)<br>• Каде се случува настанот?( крстосница)<br>• Што означува црвеното светло на семафорот?<br>• Која е улогата на жолтото светло?<br>• Што треба да направиме кога ќе светне зелено светло на семафорот? | Избор на гатанки<br><br>(интернет, книги)<br><br>изработен семафор од картон<br><br>Лист со драмскиот текст за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава дијалог во драмски текст<br><br>Одредува време и место на настаните во драмскиот текст<br><br>Ги повзрува постапките на ликовите со нивните особини |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Каква грешка ќе направело детето?<br>• Што научило од чичко семафор?<br>Секој ученик добива лист од драмскиот текст. Читање на тестот по улоги-(може да се формираат повеќе парови-секој пар чита по 5 дијалози )<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците добиваат картичка со слика со семафор. Добиваат насока да ги обојат трите кругови со боите на семафорот без да им кажува наставникот кои се тие бои.<br>Учениците се искажуваат како го обоиле семафорот и што научиле од советот на семафорот.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Картичка со семафор<br><br>Црвена, жолта и зелена боичка | Учествува во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk



## СЕМАФОР И ДЕТЕ

**( крстосница. уличен семафор. врвулица од коли и пешаци )**

Семафор: Еј, детенце, застани! Каде си забрзало така?
Дете: А кој си ти што ме прашуваш?
Семафор: Јас сум чичко семафор.
Дете: Чичко семафор!? Првпат слушам за тебе. А што правиш овде?
Семафор: Внимавам на сообраќајот.
Дете: А како тоа внимаваш на сообраќајот, чичко семафор?
Семафор: Многу лесно. Имам три очи: црвено, зелено и жолто.
Дете: Гледам дека имаш три очи. А зошто тие ти служат?
Семафор: Па еве вака: црвеното светло што како жар гори од моето око ги предупредува сите пешаци и возачи да застанат и да почекаат.
Дете: А што да почекаат, чичко семафор?
Семафор: Да почекаат додека не се запали жолтото светло, а веднаш по него и зеленото...
Дете: А на зеленото може ли слободно да се оди, чичко семафор?
Семафор: Може, се разбира дека може. Но има многу возачи, а богами и пешаци што не ги почитуваат правилата.
Дете: И тогаш што станува?
Семафор: Многу лоши работи, многу сообраќајни несреќи, многу човечки жртви.
Дете: Чичко семафор, пред малку јас...
Семафор: Да, пред малку и ти ќе направеше грешка. Сакаше на пешачки премин да поминеш на црвено.
Дете: Признавам, згрешив. Но отсега натаму ќе ги отворам очите како сокол. И ќе ги почитувам твоите совети.
Семафор: Ех, кога би биле сите како тебе, детенце драго! Тогаш јас би бил најсреќниот семафор на светот.

Дете: Чичко семафор, многу ти благодарам на твоите совети. Утре ќе ги донесам и моите другарчиња.
Семафор: Слободно донеси ги! И нив ќе ги подучам да внимаваат како ја минуваат улицата.
Дете: А може ли да го донесам и стрико ми Крсте?
Семафор: Стрико ти Крсте? А зошто?
Дете: Затоа што пред некој ден на оваа крстосница направи сообраќајка.
Семафор: А, тој возач ти е стрико? Самиот е виновен. Возеше под дејство на алкохол и прелета на црвено.
Дете: Стрина вели дека имал голема среќа, зашто удрил во бандера.
Семафор: И си ја чукнал малку пиперницата. Веројатно сега ќе му дојде памет. Донеси го слободно. Имам што да му кажам.
Дете: Многу ти благодарам, чичко семафор. Време е да си појдам дома. Еве, зеленото светна. До гледање, до утре и многу среќа во работата.
Семафор: Догледање и сé најубаво, детенце драго!

( крај )

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, настан, лик, време, место) | Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини.<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на приказната.<br><br>Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите | 156 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат како безбедно се преминува коловозот :<br>-Прво погледнуваат лево-десно и доколку нема возила брзо преминуваат преку пешачки премин.<br>• Кој има предност кога сте застанати на пешачки премин?<br>• Дали се чуствувате безбедно кога сте на пешачки премин?<br>• Зошто се случуваат сообраќајни несреќи иако луѓето ги знаат правилата?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Разговор за содржината на драмскиот текст „Семафор и дете“ .<br>• Кои се главни ликови во драмскиот текст?<br>• Што значат боите на семафорот?<br>• Каков совет добило детето од семафорот?<br>• Кого сакал да доведе детето да научат повеќе за безбедноста во сообраќајот?<br>• Каква грешка направил стрикото на детето?<br>Учениците добиваат насоки во парови и со свои зборови да изведат драматизација на текстот. Треба да обрнат внимание на почетокот(запознавање на семафорот со детето), средишниот дел(советите од семафорот) и завршниот дел( Извлекување на поука за важноста од почитување на сообраќајните правила) | изработен семафор од картон<br><br>Лист со драмскиот текст за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Ги поврзува постапките на ликовите со нивните особини<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на драмскиот текст |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | и/или содржината | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се искажуваат по прашањето:<br>• Дали се чуствуваш безбеден кога поминуваш на пешачки премин? Зошто?<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Учествува во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема: Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно пишување (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | Пишува кус текст на дадена тема.<br><br>При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица | 157 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат по постер слика со опасна сообраќајна ситуација - дете игра на улица и го демне опасност од возило во движење.<br>• Каде игра детето со топка?<br>• Каква опасност му се закануваа?<br>• Што треба да направи возачот во автомобилот?<br>• Дали некогаш и вие сте се нашле во иста или слична ситуација? Што се случи?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат насоки за пишување на кус текст по дадена тема„ Опасна игра“.<br>На таблата се запишуваат клучни зборови кои можат да им помогнат на учениците при пишување на текстот. Зборовите произлегуваат од фотографијата, а ги кажуваат самите ученици: **улица, топка, автомобил, брзо, кочење, страв, возач, плачи** и сл...<br>Учениците самостојно пишуваат во работен лист. При пишувањето добиваат насоки:<br>- како да пренесат дел од зборот во следен ред- (повторување за поделба на зборови на слогови)<br>- примена на расказни реченици<br>-да почитуваат правописни и граматички правила (пишување на голема буква и интерпункциски знаци) .<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги читаат своите текстови и се прави анализа | Постер слика со сообраќајна ситуација<br><br>Работен лист за секој ученик | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Пишува кус текст на дадена тема.<br><br>пренесува делови од зборови во следниот ред<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на содржината.<br>Наставникот ги прегледува и дава насоки за коригирање доколку воочи грешки при формулирање на речениците, пренесување на дел од збор или примена на граматички и правописни правила.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |



<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема: Читање и пишување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука)</td><td>Трансформира прочитани реченици со менување од еднина во множина и обратно<br><br>Трансформира прочитани реченици со обединување на две реченици во една и со замена на сопствена именка со лична заменка.</td><td>158</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Игра во парови - Секој ученик во парот треба да замисли еден збор(именка). Ја кажува именката на другото дете од парот, а тоа треба да ја каже множинската форма од именката<br>Пр. молив- моливи, маче- мачиња ... Потоа ги менуваат улогите.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците добиваат наставен лист за работа во пар . Следат насоки како да работат на барањата:<br>Еден ученик ја чита реченицата дадена во еднина. Другиот ученик треба истата да ја трансформира во множина<br>А)<br>• Јас пишувам - Ние пишуваме.<br>• Марија пешачи - Марија и Адријан пешачат.<br>• Изедов два сладоледи - Изедов еден сладолед.<br>• На гранката има неколку јаболка. На гранката има едно јаболко.<br>Учениците откако ќе ја завршат првата вежба ги читаат своите реченици за проверка на точноста.<br>Ги следат насоките за работа на следното барање:<br>Во реченичите треба да ја заменат сопствената именка со лична заменка:<br>Б)</td><td>Презентација изработена од наставник која ги содржи со активностите од работниот лист<br><br>Работен лист за работа во пар</td><td>Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Трансформира реченици со менување од еднина во множина и обратно,<br><br>Трансформира реченици со обединување на две реченици во една и со замена на сопствена именка со лична заменка.</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Соња и Мила гледаат филм - Тие гледаат филм.<br>• Петар пее, а Јана свири на клавир .- Тој пее, а таа свири на клавир.<br>• Читање на речениците од учениците и изведување на заклучоци .<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците читаат текст со куси реченици и треба да пронајдат две реченици што може да се спојат во една Штом ученик пронајде такви реченици, дава знак со подигање на рака и усно искажува како се спојуваат двете реченици.<br>Пр. Марија спие. Брат ѝ гледа телевизија.<br>Марија спие, а брат ѝ гледа телевизија.<br>Усно се прави анализа преку презентацијата со активностите од работниот лист и се извлекува заклучок како се изведуваа трансформациите од еднина во множина, сопствената именка во лична заменка и спојување на две реченици во една. Се користи соодветна формулација на возраста на учениците.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Активно учество во работа во пар<br><br>Учество во изведување на заклучоци |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема: Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | Трансформира прочитани реченици од расказни во прашални и извични и обратно, односно од потврдни во одречни и обратно. | 159 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Секој ученик од кутија извлекува картичка со реченица. ( Речениците може да бидат сочувани од претходни часови кога се учени видови реченици).<br>Ученикот ја чита гласно реченицата со правилна реченична интонација и се искажува од кој вид е : расказна, прашална, извична, потврдна, одречна.<br>**Пр.** Децата играат во паркот. (расказна и потврдна)<br>Миле не дојде на роденден. (расказна и одречна)<br>Колку е часот? (прашална)<br>Леле, задоцнив на тренинг! (извична)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците добиваат наставен лист за работа во пар . Следат насоки како да работат на барањата.<br>Еден ученик ја чита расказната реченица. Другиот ученик треба истата да ја трансформира во прашална и извична. Потоа ги менуваат улогите.<br>*А)*<br>• Расказна - Пиеш млеко од чаша.<br>• Прашална- Пиеш млеко од чаша?<br>• Извична- Пиј млеко од чаша!<br>Учениците откако ќе ја завршат првата вежба ги читаат своите реченици за проверка на точноста.<br>Ги следат насоките за работа на следното барање: | Кутија (пластична, картонска или метална)<br>Картички со реченици<br>-расказни<br>-прашални<br>-извични<br>-потврдни<br>-одречни<br><br>Работен лист за работа во пар | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Трансформира реченици од расказни во прашални и извични и обратно,<br><br>Трансформира потврдни во одречни реченици и обратно.<br><br>Активно учество во работа во пар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Реченициte од потврдни треба да ги трансформираат во одречни и обратно.<br>Б)<br>• Потврдна- Ќе дојдеме на роденденот.<br>• Одречна - Нема да дојдеме на роденденот.<br>Читање на речениците од учениците и изведување на заклучоци .<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се поделени во групи. Бројот на ученици во групата зависи од бројот на зборови во реченицата.<br>Во плик се ставени зборови. За секој ученик треба да има картичка со збор. Доколку има повеќе зборови од ученици, тогаш еден ученик избира два збора.<br>Учениците треба да ги употребат сите зборови и да состават реченица. Секоја група има различна реченица.<br>*1 група*- Марина и Горазд го шетаат кучето.<br>*2 група*- Колку ученици ќе одат на театар?<br>*3 група*- Уф, многу ме боли главата!<br>*4 група* – Не сакам да јадам спанаќ.<br>*5 група*- Јас сакам да возам велосипед.<br>Учениците ја составуваат реченицата и излегуваат подредувајќи се со картичките пред таблата. Читаат збор по збор, а потоа сите заедно ја изговараат реченицата.<br>Јас \| сакам \| да \| возам \| велосипед.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес? | Пликови<br><br>Исечени зборови са формирање на разни видови на реченици | Учество во изведување на заклучоци за трансформирање на видови реченици една во друга. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>литературни текстови<br><br>(тема, настан, лик, време, место) | Одредува време и место на настаните на прочитан литературен текст<br><br>Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини.<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на приказната. | 160 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот истакнува плакат со запишани наслови на литературни текстови, илустрација поврзана со нив и вид на литературен текст. Учениците добиваат работен лист со истото барање. Ги следат насоките и индивидуално поврзуваат на следниот начин:<br>**Пр.** (Илустрација)Снежана –(наслов) Снежана - (вид на тврорба) бајка<br>Проверка на точноста со демонстрација на плакатот пришто се повторува со учениците за видови литературни творби.<br><br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците добиваат работен лист за индивидуална работа ( предлог активност од Вежбанка за македонски јазик за второ одделение- Арс ламина)и насоки за | Плакат подготвен од наставник<br><br>маркер<br><br>Примерок од лектири<br><br>-Зоки Поки<br><br>-Снежана<br><br>Учебник | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Ги поврзува постапките на ликовите со нивните особини<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на литературниот текст |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | индивидуална работа.<br>Учениците ја читаат басната „ Лисица и грозје“. Треба да одговорат на барањата во работниот лист поврзани со тема, место, време, ликови и главен настан во басната.<br>• Означи која од понудените реченици се однесува на темата на басната.<br>• Кој е главен лик во басната?<br>• Каде се случил настанот?<br>• Кога се случил настанот?<br>II ЛИСИЦАТА И ГРОЗЈЕТО<br>Било време за гроздобер. Грозјето било зрело и крупно. Покрај лозјето минувала една лисица што умирала од глад и жед. Кога го здогледала црното и сочно грозје се израдувала.<br><br>– Каква среќа! – рекла таа. – Само да не беше толку високо. Не сум сигурна дали би можела да го дофатам. Инаку, убаво би се насладила.<br>Ништо друго не може повеќе да ме освежи од ова.<br>Скокала кутрата лисица колку што можела повисоко, но не можела да ги дофати ниту најниските гроздови. Оддалечувајќи се од лозјето, промрморела:<br>Учениците гласно ја читаат басната. Одговараат на прашања поврзани со содржината на басната и постапката на лисицата.<br>• Кои особини ги забележувате кај лисицата во оваа басна?<br>Потоа се искажуваат за своите одговори во работниот лист. Споредуваат дали ја избрале истата реченица или зошто другите деца избрале друга реченица како тема.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците самостојно работат на последното барање од работниот лист:<br>• Подреди ги настаните во басната по хронолошки редослед<br>Усно се искажуваат како ги подредиле настаните и објаснуваат зошто така ги означиле.<br>**Рефлексија:** | Работен лист за индидуална работа - анализа на басна | Учествува во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Видови литературни текстови<br>(расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови<br>(тема, настан, лик, време, место) | Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини.<br><br>Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината | 161 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Повторување за видови литературни творби и нивните карактеристики според постерот изработен на претходниот час.<br><br><br>Наставникот им покажува на учениците кукла или фотографија со Пинокио и учениците се искажуваат дали имаат гледано анимиран филм или имаат читано сликовница за неговите доживувања.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање на приказната за Пинокио од следниот линк<br>-Си било еднаш(13 мин)<br>[https://www.youtube.com/watch?v=NOas_aGY8Hg](https://www.youtube.com/watch?v=NOas_aGY8Hg)<br>Учениците одговараат на прашања поврзани со содржината од приказната:<br>• Што направил мајстор Џепето од парче дрво?<br>• Како ја нарекол куклата што ја изработил?<br>• Кој го советувал Пинокио за неговите палавштини?<br>• Дали Пинокио го слушал штурецот?<br>• Зошто старецот го продал старото палто?<br>• Што му се случило на Пинокио во шаторот?<br>• Што направил со златниците кои ги добил ? | Плакат подготвен од наставник<br>маркер<br>Примерок од лектири<br>Кукла -Пинокио<br>Примерок од сликовница или книга за Пинокио<br><br>Видеобим<br><br>Компјутер<br><br>звучници | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Ги повзрува постапките на ликовите со нивните особини<br><br>Учествува во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како го измамиле мачорот и лисицата?<br>Учениците ги разгледуват сликите од приказната за Пинокио во учебник стр.(113- 116). Се искажуаат по сликата и текстот кој се однесува на сликата и прераскажуваат колку ја разбрале содржината на приказната.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците следат кратко видео од крајот на играниот филм за Пинокио<br>• Како Пинокио од дрвена кукла стана вистинско дете?<br>https://www.youtube.com/watch?v=eHXNN7oGQkY<br>Извлекуваат заклучок за љубовта меѓу Пинокио и неговиот татко и кои позитивни особини треба да ги има секое дете и секој човек.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно пишување (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука | Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо<br><br>При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица | 162 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се распоредени низ училницата. Следат насоки за изведување на игра „Лета-лета“. Учениците „летаат“ со рацете во место или се движат внимателно низ просторот. Штом наставникот извика „Лета, лета... стол“ тогаш учениците треба да ги држат рацете пред тело, а доколку биде изговорен предмет или животно што може да лета, тогаш учениците продолжуваат да „ летаат“ низ просторот.<br>• Како се чуствувавте во играта додека летавте?<br>• Што мислите, како се чувствува птицата кога слободно лета, а како кога е затворена во кафез?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст „ Летало“ (стр.133).<br>**ЛЕТАЛО**<br>Две деца направија летало. Го пуштија, а тоа одлетало до облаците. Виде одозгора една пеперутка и ѝ викна:<br>– Леле, едвај те гледам! Признај дека ми завидуваш што сум толку високо?<br>– Не, не ти завидувам – рече пеперутката. – Иако си високо, ти си врзано. Јас летам ниско, но слободно.<br>Одговараат на прашања поврзани со текстот:<br>• Што направиле две деца?<br>• Каде одлетало леталото?<br>• Што му рекло леталото на пеперутката? | Учебник<br><br>Тетратка за полетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо<br><br>Правилно пренесува делови од зборови во нов ред<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како летала пеперутката?<br>• Што е слобода за животните, рибите,птиците?<br>• Што е слобода за луѓето?<br>Учениците го читаат текстот и се насочуваат на препишување на текстот со ракописни букви. Треба да внимаваат да пишуваат со убав и читлив ракопис, правилно пишување на зборовите и интерпункциските знаци. При препишувањето се даваат насоки и за правилно пренесување на дел од збор во нов ред.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои ќе завршат со препишување на текстот го читаат текстот од тетратката со цел да си направат проверка дали ракописот им е читлив и за пресретнување на грешки при пишувањето.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Литаратура, изразување и творење</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>Сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Видови литературни текстови<br><br>(расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, настан, лик, време, место)</td>
<td>Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна</td>
<td>163</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците извлекуваат картички со зборови на кои се запишани именки. Го читаат зборот и се искажуваат дали тој означува:<br>✓ суштетво<br>✓ предмет<br>✓ природна појава<br>✓ нешто што чувствуваме или доживуваме<br>На картичките се напишани зборовите:<br>срце, злоба, гнев, завист, радост, смеа, правда, тага, другарство, живот, убавина, слога, мир, игра ...<br>Учениците заклучуват дека зборовите означуваат поими кои се поврзани со нешто што чувствуваме и доживуваме На таблата се црта Т табела . Во првата колона се лепат картичките со зборови кои учениците сметаат дека се позитивни и пријатни, а во втората негативни и непријатни.
<table>
<tr><th>позитивни и пријатни</th><th>негативни и непријатни</th></tr>
<tr><td>срце, радост, смеа, правда, другарство, живот, убавина, слога, мир, игра ...</td><td>злоба, гнев, завист, тага,</td></tr>
</table>
<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на песна „ Во срцето“ (стр.143).</td>
<td>Картички со именки<br><br>Табла<br><br>Маркер<br><br>селотејп</td>
<td>Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Определува стих, строфа и рима во епсна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната<br><br>Учество во изведување заклучоци</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одговараат на прашања поврзани со содржината на песната:<br>• Од колку строфи е составена песната?<br>• Со што треба да се исполни срцето?<br>• Со што треба да се замени тагата?<br>• Што треба да му подариме на другарството?<br>Учениците се искажуваат дека песната е составена од 3 строфи, а секоја строфа има по 5 стиха.<br>Читање на песната од учениците строфа по строфа. Откривање на римуваните зборови. Учениците воочуваат дека последните два стиха во секоја строфа се исти.<br>...исполни го<br>со радост и смев!<br>Учениците препишуваат строфа која најмногу им се допаѓа<br>Извлекуваат порака од содржината на песната<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се искажуваат за чувствата , за радоста и тагата ,за добрината и злобата<br>- Јас се чувствувам добро кога....<br>- Чувствувам радост кога...<br>- Тажен сум кога...<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Учебник<br><br>Тетратка за почетно пишување | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Почетно пишување (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука | Пишува голема буква на почеток од реченица што ја запишува од слушање<br><br>Пишува едноставни и куси текстови по диктирање | 164 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се наредни во колона еден зад друг пред таблата. Првиот ученик запишува голема и мала ракописна буква Аа, а потоа го дава маркерот/ кредата на ученикот зад себе која продолжува со буквата Бб, па следниот Вв...<br>Откако ќе се запише целата азбука на таблата учениците хорово ја кажуваат азбуката.<br>• Колку букви има нашата азбука?<br>• Како се вика нашата азбуката?<br>• Во чија чест е наречена кирилица?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на песна „ Кирил и Методиј“ од поетот Глигор Поповски<br><br>**<u>Кирил и Методиј</u>**<br><br>**Минаа векови долги**<br>**и уште многу ќе минат,**<br>**вашите имиња светли**<br>**никогаш нема да згинат.**<br><br>**Посветли ликови за нас**<br>**нема под небесен свод.**<br>**Азбука вие му дадовте**<br>**на целиот славјански род.**<br>Песната е запишана на постер плакат со цел да се дискутира со учениците за нејзината содржина. | Табла<br><br>Маркер<br><br>Постер плакат со песната Кирил и Методиј<br><br>Тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Пишува голема буква на почеток од реченица<br><br>Пишува едноставни и куси текстови по диктирање<br><br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Од колку строфи е составена песната?<br>• За кого се пее во песната?<br>• Зошто имињата на Кирил и Методиј нема да ги заборавиме?<br>Се објаснуваат непознатите зборови – векови, згинат, небесен свод, славјански род.<br>Учениците се подготвуваат за пишување на песната по диктат во тетратките за почетно пишување. Следат насоки за пишување на голема буква на почеток на строфа и по користење на интерпункциски знак точка, прашалник или извчиник.<br>Учениците пишуваат по диктат.<br>Наставникот ја чита песната целосно, а учениицте прават проверка за пресретнување на грешки.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се истакнува постерот на таблата и учениците прават проверка дали точно пишувале по диктат.<br>Се давата насоки за меморирање на песната за следниот час и дека истата ќе ја пишуваат по автодиктат( се даваат насоки соодветни на нивната возраст) .<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Читање и пишување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Почетно пишување (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука</td><td>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет</td><td>165</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците се наредни во круг и ја исполнуваат песната „Азбука“ – повторување за редослед на буквите во азбуката.<br>https://www.youtube.com/watch?v=Wqj8W1s-_tw<br><table><tr><td>Азбука, азбука, азбука<br><br>Нашата азбука,<br>за учење е лесна,<br>ајде да ја учиме<br>се пее како песна .<br><br>Нашата азбука ,<br>за учење е лесна<br>сите ја пееме,<br>се пее како песна .<br><br>А, Б, В, Г, Д....Ш</td><td>Азбука, азбука, азбука<br><br>Од буква А до буква Ш<br>азбуката е тоа,<br>буквите другарчиња<br>заедно си стојат.<br><br>Ајде ти обиди се<br>за учење е лесна<br>нашата азбука<br>се пее како песна<br><br>А, Б, В, Г, Д....Ш</td></tr></table><br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците ја рецитираат песната „ Кирил и Методиј“.<br>Се подготвуваат за пишување на песната по автодиктат. (им се објаснува поимот соодветно на нивната возраст)<br>Следат насоки да внимаваат на правилно пишување на песната , изгледот на строфата , секој стих се пишува во нов ред, помеѓу двете строфи се остава празен ред.<br>Се следи работата на учениците и се даваат дополнителни</td><td>Компјутер<br><br>Звучници<br><br>Постер плакат со песната Кирил и Методиј<br><br>Тетратка за почетно пишување</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Самостојно пишува текст научен напамет<br><br>Учество во изведување заклучоци</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | насоки каде има потреба.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се истакнува постерот на таблата и учениците прават проверка дали правилно и точно ја напишеле песната по автодиктат.<br>Учениците се искажуваат дали задачата им била лесна/ тешка. Се даваат насоки за подобрување .<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Читање и пишување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Почетно читање<br><br>(глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука)</td><td>Препознава и расказни, прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација.</td><td>166</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците влечат картички од кутија. На секоја картичка е запишана авторска гатанка(Марија Богатиновска) за одреден интерпункциски знак. Ги читаат во себе гатанките и откриваат за кој знак станува збор. Учениците се групираат според видот на картичката :<br>Прва група – ТОЧКА.<br>Втора група – ПРАШАЛНИК.<br>Трета група- ИЗВИЧНИК.<br><br><br><br><br><br><br><br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците од секоја група добиваат работен лист со текст.<br>Прва група- „Кучето и месото“.<br>• Разгледајте ја добро секоја реченица. Размислете и заокружете го зборот според видот на речениците кои ги сретнавте во текстот.<br>а) прашални б) расказни в) извични<br><br>Втора група- „Најбогат“ .</td><td>Кутија<br><br>(картонска, пластична или метална)<br><br>Картички со гатанки за секој ученик<br>- прашалник<br>- точка<br>- извичник<br><br>работен лист за групна активност за :<br><br>-расказни реченици<br><br>-прашални реченици<br><br>-извични реченици</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Препознава и расказни, прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација.<br><br>Активно учество во работа во група</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Разгледајте ја добро секоја реченица каде зборува Влатко. Размислете и заокружете го зборот според видот на речениците кои тој ги користи.<br>**а) прашални б) расказни в) извични**<br>Трета група- „Старец и смрт“<br>• Разгледајте ја добро секоја реченица каде зборуваат старецот и смртта . Размислете и заокружете го зборот според видот на речениците кои се употребени.<br>а) **прашални б) расказни в) извични**<br>Секој ученик самостојно го чита текстот, а потоа заедно разговараат во групата на дадените барања. Извлекуваат заклучок за видот на реченици кои се употребени во текстот во нивната група.<br>Учениците од групата штафетно го читаат текстот. Треба да внимаваат на правилна интонација при читањето на различните видови на реченици.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се читаат уште еднаш гатанките за интерпункциските знаци. Учениците ги лепат во своите тетратки и добиваат насоки за меморирање на гатанката за следниот час.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk




**КУЧЕТО И МЕСОТО**

Некое куче преминувало преку еден поток. Тоа во устата носело парче месо. Од мостот погледнало во водата.

Кучето во водата го загледало својот лик. Тогаш си помислило:

- Гледај, долу има друго куче. Неговото парче месо е поголемо.

Брзо го испуштило своето парче месо. Потоа скокнало во водата за да му го грабне месото на другото куче. Но, останало и без своето парче месо.

❖ Разгледајте ја добро секоја реченица. Размислете и заокружете го зборот според видот на речениците кои ги сретнавте во текстот.

**а) прашални  б) расказни  в) извични**

❖ На крајот од речениците се наоѓа знакот:

**а) прашалник** ?  **б) точка** .  **в) извичник** !  **г) запирка** ,







**НАЈБОГАТ**

Влатко ја прашува баба си:

- Бабо,кој е најбогат на светот?
- Царевите во приказните - брзо одговорила бабата.
- А , можам ли и јас да бидам најбогат?
- Ти и сега си богат, Влатко. Имаш полна торба златници.
- На која торба мислиш бабо?
- Па, на училишната.

❖ Разгледајте ја добро секоја реченица каде зборува Влатко. Размислете и заокружете го зборот според видот на речениците кои тој ги користи.

**а) прашални  б) расказни  в) извични**

❖ На крајот од речениците се наоѓа знакот:

**а) прашалник** ?  **б) точка** .  **в) извичник** !  **г) запирка** ,

**СТАРЕЦ И СМРТ**

Еден старец насекол дрва,г и натоварил на грб и ги понесол дома. По патот се изморил, го симнал товарот и извикал:

- Ех,што се изморив! Камо да дојдеше смртта до сега!

Дошла смртта и му рекла:

- Еве ме ,старче, дојдов!

Старецот се исплашил и рекол:

- Добре дојде! Ајде поткрени ми го малку товарот за да ми помогниш!

❖ Разгледајте ја добро секоја реченица каде зборуваат старецот и смртта .Размислете и заокружете го зборот според видот на речениците кои се употребени.

**а) прашални  б) расказни  в) извични**

❖ На крајот од речениците се наоѓа знакот:

**а) прашалник** ?  **б) точка** .  **в) извичник** !  **г) запирка** ,

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува настани од секојдневниот живот кои се слични на оние во литературниот текст. | 167 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се запознаваат со брзозборката<br>**Роса- роса росица, до појас косица.**<br>- Што значи поимот роса?<br>- На што се мисли кога велиме до појас косица?<br>Секој ученик се обидува да ја каже трипати брзозоборката најбрзо што може.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат изразно читање на текстот„ Росица“ стр.131. Во текстот се раскажува за тоа што ѝ се случило на Елена. Одговараат на прашања поврзни со содржината на текстот:<br>• Што сакала да направи Елена во градината на нејзиниот дедо?<br>• Каква молба имало едно цвеќенце?<br>• Што забележала кога го погалила цвеќенцето?<br>• Читање на текстот од учениците(раскажувач, Елена и цвеќенце).<br>Учениците усно раскажуваат за средбата на Елена и цвеќенцето.<br>Секој ученик добива работен лист за индивидуална работа со насока:<br>-Обиди се да го прочиташ текстот „Росица“ како тебе да ти се случило тоа.Пример:<br>*Едно утро влегов во градината на дедо ми.*<br>– *Еј, колку убави цвеќиња! – извикав*..(прилог- работен | Учебник<br><br>работен лист за индивидуална работа | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Усно раскажува за настан од секојдневниот живот |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | лист)<br>Учениците ги пополнуваат испуштените букви и зборови со цел да добијат писимено раскажување на текстот, но како нивно лично доживување.(раскажување во рпви лице)<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците усно го раскажуваат текстот и се искажуваат дали им е полесно да раскажуваат за доживувањето на Елена или кога раскажуваа во прво лице- за себе .<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Изговор (гласови, слогови, зборови и реченици) | Повторува слушнати зборови поделени на слогови и самостојно дели едноставни зборови (трисложни, а најмногу четирисложни) на слогови | 168 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>На таблата се залепени стикери на кои се наоѓаат слогови. Учениците ги разгледуваат и штом пронајдат слогови од кои можат да состават збор, ги одлепуваат и ги ставаат еден до друг. Го читаат зборот.<br>**слогови**<br>**до** **не** **ла** **таб** **бо** **мат**<br>**зборови**<br>**таб ла** **не бо** **до мат**<br>Повторување за бројот на слогови во еден збор- еден, два, три и повеќе слогови(едносложни, двосложни ,трисложни... зборови).<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат изразно читање на текстот„ Сказна за слогот“<br>**Сказана за слогот**<br>**Живеела некогаш една жабичка. Жабичка, како жабичка. Малечка од три слога: ЖА - БИЧ - КА.**<br>**И некогаш живеел еден слон.**<br>**Слон! Голем, голем! А, само со еден слог: СЛОН!**<br>**И малата жабичка се шегувала со големиот слон:**<br>**- Е – е – е! Голем, а од еден слог!**<br>**Но, од мочуриштето дошла една ЧАП - ЈА од два слога и ја проголтала таа ЖА – БИЧ - КА од три слога.**<br>**И тоа е се...** | Самолепливи стикери<br>маркер<br>работен лист за индивидуална работа<br>молив | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br>Препознава еднсложни, двосложни, трисложни и повеќесложни зборови<br>Дели едноставни зборови на слогови |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одговараат на прашања за содржината на текстот:<br>• Кои животни ги среќаваме во овој текст?<br>• Од колку слогови била составена малата жабичка?<br>• Зошто му се смеела на големиот слон?<br>• Што и направила чапјата на жабата?<br>• Кој збор е составен од најмногу слогови- чапја, слон или жабичка?<br>Секој ученик добива работен лист со табела со три колони. Треба да ги распореди зборовите сообдветно на бројот на слогови .<br>Потоа во парови проверуваат дали точно ги распоределе зборовите.<br>Се анализира табелата заедно си сите ученици и се изведувата заклучоци за поделба на слогови.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се наредени во круг. Секој ученик треба да изговори еден збор и да плесни со дланките онолку пати колку што мисли дека има слогови во зборот. Ако погреши излегува од играта.<br>**Пр.** мо-лив-(2 пати плеснува со дланките)<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Учествува во изведување заклучоци |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување / Литература , изразување и творење,/ Медиумска писменост и медиумска култура | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука)<br><br>Почетно пишување (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука)<br><br>Анализа на литературни текстови(тема, | Правилно ги употребува ракописните букви при пишување зборови и реченици;<br><br>Пишува куси и едноставни текстови според диктат,<br><br>Применува основни правописни правила за голема и за мала буква, за интерпункциски те знаци точка, извичник и прашалник и за пренесувањето на еден слог од составот на | 169 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат за редоследот на буквите во кирилицата – азбука. Штафетно се кажува азбуката.<br>Учениците се подготвуваат за активности за повторување на знаењата -подготовка за тест.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>• Пишување на зборови по диктат<br>Учениците пишуваат кратки зборови по диктат<br>По диктатот зборовите се запишуваат на табла и учениците самостојно се оценуваат дали ги запишале правилно- прават корекција во тетратките.<br>Пр. **Скопје, математика, плаче, риболов, убава, хулахоп, Пелистер, џуџе, виножито, шахист**<br>• Поделба на зборови на слогови<br>Усно ги делат зборовите на слогови и се искажуаат кои од нив се еднсложни, двосложни или повеќесложни.<br>Учениците следат насоки да обрнат внимание на направените грешки.<br>• Правопис на видови реченици<br>Наставникот запишува три реченици на таблата, а учениците треба да ги препишат правилно. (примена на голема буква и интерпункциски знаци)<br>**Пр**. ленче Патува за охрид<br>Колку пари плативте за таа Книга<br>уф, Ме боли главата<br>Се анализираат речениците и се повторува за граматички | Постер со азбука<br><br>Постер со видови литературни текстови<br><br>Татратка за почетно пишување<br><br>Видеобим<br><br>Презентација израбтена од наставник за видови медиуми и медиумски пораки | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици во врска со содржината<br><br>Пушува зборови и кратки реченици по диктат со ракописни букви<br><br>Правилно Дели едноставни зборови на слогови<br><br>Применува основни правописни |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| настан, лик, време, место)<br><br>Видови медиуми<br><br>(печатени медиуми, визуелни медиуми, интернет-медиуми) | двосложен збор во друг ред.<br><br>Одредува тема време место на настаните на прочитан литературен текст<br><br>Одредува редослед на настани во прочитан литературен текст<br><br>Ги наведува изворите на медиумските пораки (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет, мобилен телефон) | | и правописни правила.<br>• Анализа на литературни текстови<br>Преку постер за видови литературни текстови се повторува за:<br>- бајка, басна,драмски текст<br>- тема ,место, време,ликови во текстовите<br>- мотив во песната ,строфа, стих и рима<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците следат фотографии на видеобим(презентација подготвена од наставник) за медиуми и медиумска писменост<br>Ги именуваат медиумите и се искажуваат каквки медиумски пораки можат да пронајдат во нив .<br>Пр слика од детско списание и од неколку различни содржини во него(текстови, илсутрации, наградни конкурси и сл), радио и ТВ емисија за деца, билборд , постер,леток, мобилен телефон, компјутер и сл.<br>Учениците следат насоки за подготовка за тест.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | правила во речениците<br><br>Определува тема, време,место и ликови во литературен текст<br><br>Опредлеува строфа, стих и рима во песна<br><br>Пронаоѓа медиумски пораки од различни медиуми |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување / Литература , изразување и творење,/ Медиумска писменост и медиумска култура | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука)<br><br>Почетно пишување (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука)<br><br>Анализа на литературни текстови(тема, | Правилно ги употребува ракописните букви при пишување зборови и реченици;<br><br>Пишува куси и едноставни текстови според диктат,<br><br>Применува основни правописни правила за голема и за мала буква, за интерпункциски те знаци точка, извичник и прашалник и за пренесувањето на еден слог од составот на | 170 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Секој ученик добива работен лист за индивидуална работа.<br><br>Ги следат насоките на наставникот за самостојна работа и начините на пополнување на барањата.<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците работат индивидуално на барањата.<br><br>Доколку има потреба се даваат дополнителни насоки при работата.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги предаваат работните листови и се искажуваат за тежината на барањата.<br>• Што ми беше лесно, а што потешко да ги изработа?<br>• Каде треба да се подобрам?<br>• Како тоа ќе го направам?<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да | Објективен тест изработен од наставник за индивидуална работа | Чек листа за следење:<br><br>Го знае редоследот на буквите во кирилицата<br><br>Пишува зборови и кратки реченици со ракописни букви<br><br>Дели зборови на слогови<br><br>Применува основни правописни правила во речениците |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| настан, лик, време, место)<br><br>Видови медиуми<br><br>(печатени медиуми, визуелни медиуми, интернет-медиуми) | двосложен збор во друг ред.<br><br>Одредува тема време место на настаните на прочитан литературен текст<br><br>Одредува редослед на настани во прочитан литературен текст<br><br>Ги наведува изворите на медиумските пораки (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет, мобилен телефон) | | добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Определува тема, време,место и ликови во литературен текст<br><br>Опредлеува строфа, стих и рима во песна<br><br>Пронаоѓа медиумски пораки од различни медиуми |